Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 27.12.2020

На 26.12.2020 во 23,20 часот во викендица во с.Волково,скопско, по претходно добиени оперативни сознанија дека се одржува приватна забава со повеќе лица, а по наредба од јавен обвинител, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода Б.К.(24),сопственик на викендицата и уште 28 лица, меѓу кои и ди џејот (35) од Скопје, поради постоење основано сомнение дека сториле кривично дело „Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија„ казниво по чл.206 од Кривичниот законик При претрес кај ди џејот била пронајдена и прашкаста материја. По документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (26.12.) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 288 мерки, меѓу кои 32 за возење без возачка дозвола, 21 за технички неисправни и нерегистрирани возила, 7 за користење на мобилен телефон и 2 санкции за минување на затворен семафор (црвено светло). Изречени се 49 мерки за непрописно паркирање и 27 мерки за неносење на заштитна маска.

На 27.12.2020 во 04,10 часот на подрачје на Карпош од полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода Ф.Ј.(23) од Р.Австрија бидејќи кај него била пронајдена марихуана и дробилица. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.12.2020 во 19,00 часот во СВР Скопје, Т.Ч.(43) од Скопје пријавил дека во парк на ул.Христијан Тодоровски Карпош бил каснат од куче скитник.

На 26.12.2020 во 20.05 часот во СВР Скопје, Б.Ж.(39) од Скопје пријавил дека на бул.Србија, неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 26.12.2020 во 18,40 часот на регионалниот пат Зрновци-Бигла, патничко моторно возило „форд фокус“ со винички регистарски ознаки управувано од М.С.(24) од Виница, излетало од коловозот. По незгодата во Медицински центар-Кочани на М.С. и сопатникот М.Ј.(25) од доктор им биле констирани повреди, а на сопатничката С.Ј.(19) и биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен е увид на местото на настанот.

На 27.12.2020 во 00.05 часот во СВР Скопје, В.К.(47) од Скопје пријавил дека на бул.Јане Сандански, неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.
На 26.12.2020 во 07,00 часот во СВР Битола било пријавено дека во атар на с.Лева Река,ресенско, кај место викано „Честак“, Д.Ф.(36) од Ресен, и Х.Т.(30) од с.Крушје, отишле на лов, при што во еден момент Д.Ф. испукал еден патрон со кој го погодил Х.Т.. Х.Т. бил пренесен во Клиничка болница Битола за укажување на лекарска помош. На местото на настанот била пронајдена ловечка пушка „Бајкал“ кал.12х70мм. Извршен е увид на местото на настанот и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.12.2020 во 16,00 часот во Скопје, на крстосница од бул.„Св.Климент Охридски“ и ул.„Димитрије Чуповски“ се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило„пежо“, управувано од У.Л.О.(43) од Р.Турција и моторцикл „јијинг“ со скопски регистарски ознаки, управуван од П.С.(57) од Скопје. По незгодата на П.С. во Градската општа болница „Св.Наум Охридски“ од доктор му биле констатирани повреди. Извршен е увид на местото на настанот од увидна екипа на СВР Скопје.

СВР Охрид на 26.12.2020, реализира акциски сообраќајни контроли при што полициските службеници во Охрид регистрирале осум прекршоци за неправилно престигнување. На подрачјето на Струга регистрирани се 15 прекршоци непрописно престигнување. При акциската сообраќајна контрола во Кичево, полициските службеници затекнале 3 возила кои вршат непрописно престигнување, а во Дебар забележани се две такви престигнувања, односно вкупно 28 вакви прекршоци на територија на СВР Охрид.

Поради постоење основи на сомнение дека сторил казнено дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“, ОВР Дебар поднесе кривична пријава против И.Ц.(51) од Дебар. При контрола извршена на 20.12.2020 полициските службеници од ОВР Дебар, констатирале дека пријавениот не ги почитувал мерките за работното време на угостителските објекти до 18 часот и во неговиот угостителски објект во Дебар, продолжил со работа и примање гости.

На 27.12.2020 во 06.10 часот во СВР Скопје, И.П.(30) од Скопје пријавил дека околу 05.30 часот на бул.Видое Смилевски Бато бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.12.2020 околу 18.00 часот на крстосница од бул.Кочо Рацин, бул.Кузман Јосифовски Питу, бул.Крсте Мисирков и ул.Кеј 13-ти Ноември случена е сообраќајна незгода помеѓу автобус„мерцедес бенз“ со скопски регистарски ознаки, управуван од Е.Џ.(40) и велосипед управуван од Д.С.(27). Во незгодата со повреди се здобила Д.С. и и била укажана помош во Приватна здравствена установа„Систина“. Извршен е увид на местото на настанот од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Скопје.

На 27.12.2020 во 01.55 часот во СВР Битола, И.Ѓ.(26) од Битола пријавил дека околу 00.00 часот пред казино во Битола по претходна расправија бил физички нападнат со едно лице, вработено како обезбедување во казиното. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.12.2020 во 08.20 часот во Одделение за внатрешни работи Прилеп било пријавено дека во куќа во Прилеп, сопственост на Г.С.(43) од Прилеп настанал пожар од кој биле зафатени електрично броило, дел од електрична инсталација и други предмети. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Прилеп. Извршен е увид на местото на настанот.

На 26.12.2020 во Полициска станица Радовиш, Ј.Н.(40) од с.Конче пријавил дека околу 16,40 часот пред банка во Радовиш неговиот малолетен син бил физички нападнат од четворица малолетници сите од Радовиш. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.12.2020 во 13.00 часот во Полициска канцеларија Градско, С.К.(49) од Градско пријавил дека на 25.12.2020 околу 20.15 часот во близина на железничката пруга во Градско бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.12.2020 околу 01,15 часот на ул.„Бутелска“ се случила сообраќајна незгода во која учествувале возило „дачија дастер“ сопственост на МВР, во кое биле двајца полициски службеници и патничкото моторно возило „мерцедес“ со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Т.(19) и сопатник И.Х.(18) двајцата од Скопје, кои бегале од полициската екипа по претходно нарушување на јавност ред и мир.Во незгодата двајцата полициски службеници и И.Х. се здобиле со телесни повреди. Претходно, била добиена пријава дека околу 01,00 часот на бензинска пумпа на подрачје на Чаир бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.Т.(19) и И.Х.(18) двајцата од Скопје кои биле со патничко моторно возило „мерцедес“ со скопски регистарски ознаки, од една страна и М.Ф.(34), М.О.(21) и А.И.(50) сите од Скопје кои биле со патничко моторно возило„фолксваген голф,, со скопски регистарски ознаки, од друга страна, по што сите учесници го напуштиле местото на настанот. Подоцна од полициски службеници било запрено возилото „фолксваген голф“ и приведени се М.Ф., М.О. и А.И. Извршен е увид на местото на настанот и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.12.2020 во 11,00 часот во СВР Тетово било пријавено дека во атар на с.Падалиште,гостиварско на место викано.„Роѓе Исмолит“, од ловциите А.С.(38) и Ф.И.(38) двајцата од Гостивар, во поток бил пронајден починат М.Р.(71) од с.Падалиште, кој бил пријавен дека се оддалечил од домот на 16.12.2020. Од екипа на итна медицинска помош констатирана е смрт. Увид извршиле јавен обвинител и екипа од Полициска станица Гостивар. Телото на починатиот е пренесено во Медицински центар Гостивар.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет